

# Операција на катаракта со phaco метода


**Прим. Д-р. Лидија Сотировска – офталмолог**


**Јули, 2015**



Презентација за престојот и едукацијата во болницата Токуда во Софија, Бугарија во период од 1 Октомври 2012 до 21 Декември 2012 на Примариус Доктор Лидија Сотировска, офталмолог од службата за очни болести – Клиничка болница, Битола.




Токуда Болница, Софија, Бугарија



- Болницата Токуда во Софија, Бугарија официјално е отворена на 29 Ноември 2006 и е дел од големиот болнички ланец во светот Tokushukai Medical Corporation, кој вклучува повеќе од 280 медицински институции
- Очното одделение е сместено на осмиот кат и располага со две современо опремени операциони сали, предоперативен дел и болнички соби каде пациентите се сместуваат пред и после операција
- Амбулантскиот дел од очното одделение е сместен во приземјето на болницата и располага со сите современи апарати за дијагностицирање на очните болести

Современото лекување на катаракта се изведува со phaco метода – phaco емулсификација – разбивање и аспирирање на заматената леќа низ многу мал отвор и имплантирање на IOL низ истиот отвор. Целата операција трае 5-10 минути. Анестезијата е со капки. Отворот е мал и не е потребна сутура.


Focus Here
Before Docking
Remove Cap Before
Laser Usage
Alcon

Пациентот пред операција треба да ги направи следните испитувања:

- Мислење од анестезиолог за можен оперативен зафат
- Ехо на око
- Биометрија
- Кератометрија
- Пресметување на диоптер на IOL;

Phaco методата е еднодневна хирургија. Пациентот со направените анализи се прима на закажаниот ден за операција.



Работата во операциона сала се изведува во присуство на анестезиолог, но со локална топикална анестезија.

- Се прави корнеален тунел на корнеа со ноже од 2,8 мм
- Во предната комора се става анестетик и адреналин за ширење на зеница
- Се бои капсула
- Се прави капсулорекса
- Хидродисекција
- Ротирање на јадрото
- Делење на јадрото по методата на divide at concorde или phaco chop
- Факоемулсификација и аспирација на масите
- Имплантација на IOL
- Хидратација на отворите
- Sc amp dexason

После неколку часа од извршената операција, пациентот се пушта дома. Следниот ден доаѓа на контролен преглед.







Операциона сала – Токуда Болница, Софија, Бугарија

Во текот на мојот престој во болницата Токуда имав можност секој ден да присуствувам во операционите сали и непосредно да ги пратам не само операциите на катаракта, туку и сите други операции што се правеа таму:

- Операции на заден седмент на окото
- Операции на глауком
- Страбизам



Ментор ми беше раководителот на очното одделение на болницата Токуда. Тој несебично ми го пренесуваше неговото знаење и искуство и, на моја иницијатива, прифати и дојде дури и во Битола каде заедно направивме околу десет операции во Очното одделение во Битола.



Во знак на успешно завршена едукација и обука, на крајот од обуката ми беше доделен и Сертификат од страна на Токуда Болница

Оваа обука ми овозможи да го надоградам моето искуство и после враќањето да почнам самостојно да работам и да ја воведувам phaco методата како редовен метод при операциите на катаракта во моето одделение

Во текот на овој период имам самостојно направено повеќе од 500 операции, а исто така, паралелно и ги едуцирам и моите колеги

Голема благодарност сакам да изразам до Министерството за Здравство, како и до претпоставените и одговорните во мојата болница, што ми овозможија да присуствувам на оваа обука која е многу корисна за мојот напредок како лекар, како и за целото Очно одделение при Клиничката болница во Битола